# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| „Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. | Четврток, 16 март 1995 Скопје Број 14 Год. LI | Аконтацијата за 1995 година изнесува 5.000 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498 |
|---|---|---|


**288.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 март 1995 година.

Број 08-1010/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија (во натамошниот текст: банки), како и преземањето на побарувањата и обврските по дел од кредитите добиени од странски кредитори.

Член 2

Санацијата на банките, според овој закон, ќе се изврши со:

– отстранување од билансите на банките на девизните штедни влогови и девизните сметки на граѓаните, за кои гаранцијата за исплата ја презела Република Македонија и

– отстранување од билансите на банките на побарувањата и обврските по кредитите добиени од странски кредитори.

Член 3

Реконструирањето според овој закон се врши на Стопанска банка А.Д. – Скопје и опфаќа нејзино санирање, реорганизирање и приватизирање.

### II. СЕРВИСИРАЊЕ НА ДЕВИЗНИТЕ ШТЕДНИ ВЛОГОВИ И ДЕВИЗНИТЕ СМЕТКИ НА ГРАЃАНИТЕ КАЈ БАНКИТЕ

Член 4

Банките се должни, од 1 јануари 1995 година, да ги отстранат од своето книговодство, на страна на активата и на пасивата во износи кои се евидентирани на страната на пасивата во билансот на банката, девизните штедни влогови и девизните сметки на граѓаните (во натамошниот текст: девизни штедни влогови), по кои гарант е Република Македонија, согласно со Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994 и 1995 година („Службен весник на Република Македонија“ број 31/93 и 70/94), според состојбата утврдена на 31 декември 1994 година.

По исклучок од став 1 на овој член, извршените исплати на девизните штедни влогови од сопствените средства, банките ќе ги искажуваат во своето книговодство, како побарување од државата, се додека Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) не утврди дали тие исплати се извршени во согласност со Законот за преземање на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 26/92), Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994 и 1995 година („Службен весник на Република Македонија“ број 31/93 и 70/94), Законот за привремени мерки за регулирање на обврските по депонирано девизно штедење на НБУ за 1991 година („Службен лист на СФРЈ“ број 96/91) и Одлуката за условите и начинот на давање краткорочни кредити на банките во првото тримесечје на 1992 година врз основа на дефинитивна продажба на депонираното девизно штедење на граѓаните и на ефективно продадени девизи на граѓаните („Службен лист на СФРЈ“ број 6/92 и 7/92.

Банките ќе ги отстранат од своето книговодство и исплатите од девизните штедни влогови кои ќе ги извршат со средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија во периодот од 1 јануари 1995 година до влегувањето во сила на овој закон.

Исплатите што ќе ги извршат банките во периодот од 1 јануари 1995 година до влегувањето во сила на овој закон од сопствени средства, банките ќе ги искажуваат во своето книговодство како побарување од државата на начин утврден со став 2 на овој член.

Член 5

Банките ќе воспостават посебна евиденција на девизните штедни влогови и истите ќе ги сервисираат во име и за сметка на Република Македонија.

По исклучок од став 1 на овој член, сервисирањето, во име и за сметка на Република Македонија, на девизните штедни влогови кои се водат кај:

– Банката за надворешна трговија А.Д. Скопје, ќе го врши Македонска банка А.Д. Скопје;

– ЈИК банка – Белград – Деловна единица – Скопје и ЈИК банка – Белград – Деловна единица – Битола, ќе го врши Извозна и кредитна банка А.Д. Скопје и

– Инвест банка – Белград – Деловна единица – Скопје, ќе го врши Инвест банка А.Д. Скопје.

Доколку по влегување во сила на овој закон, заради престанок со работа, некоја од банките не е во состојба

да ги сервисира девизните штедни влогови, Владата на Република Македонија ќе определи банка која ќе врши сервисирање на девизните штедни влогови.

Член 6

Министерот за финансии и банките од член 5 на овој закон склучуваат договор за регулирање на начинот и условите под кои ќе ги сервисираат девизните штедни влогови.

## III. ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ ПО КРЕДИТИТЕ ОД ПАРИСКИОТ КЛУБ НА ДОВЕРИТЕЛИ

Член 7

Република Македонија од билансите на банките ги презема побарувањата и обврските настанати по користени странски кредити од Парискиот клуб на доверители (кредити одобрени од странски влади и владини агенции) чии крајни корисници се претпријатијата од Република Македонија, со состојба на 31 декември 1994 година, во вкупна вредност од 261,61 милиони САД долари, и тоа:

- Стопанска банка А.Д. Скопје во износ од 226,21 милиони САД долари;
- Банката за надворешна трговија А.Д. Скопје во износ од 31,67 милиони САД долари и
- Македонска банка А.Д. Скопје во износ од 3,73 милиони САД долари.

Во износот од став 1 на овој член се содржани обврските и кореспондентскиот износ на побарувањата врз основа на главнината и каматата по тие кредити.

Член 8

Во износите од член 7 на овој закон е вклучен и делот од обврските по преземените кредити од поранешна СФРЈ согласно со Законот за преземање на обврските на Федерацијата по определени странски кредити и за задолжувањето на Народна банка на Југославија во странство за сметка на Федерацијата во 1990 година („Службен лист на СФРЈ“ број 83/89).

Побарувањата на Република Македонија за преземените обврски од став 1 на овој член имаат статус на влог на Република Македонија во вредноста на претпријатието, во согласност со член 7 став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ број 38/93 и 48/93).

Член 9

Плаќањето на обврските од членовите 7 и 8 на овој закон ќе се врши од средствата на Буџетот на Република Македонија.

Член 10

Банките се должни сервисирањето на обврските по кредитите од член 7 на овој закон да го вршат според условите и на начин што ќе ги определи Агенцијата за санација на банка (во натамошниот текст: Агенција).

За условите и начинот под кои ќе се вршат плаќањата по кредитите од член 7 на овој закон, во делот за Банката за надворешна трговија А.Д. Скопје, Агенцијата ќе склучи договор со една од комерцијалните банки.

Член 11

Наплатата на побарувањата по кредитите од членовите 7 и 8 на овој закон од крајните корисници во име и за сметка на Република Македонија ќе ја врши Агенцијата.

Крајните корисници на кредитите се должни да ги намируваат своите обврски во роковите на пристигнувањето и во рамките на договорените услови со Парискиот клуб на доверители.

По исклучок од став 2 на овој член, Агенцијата може да договори предвремена наплата на побарувањата со дисконт да ги продава побарувањата на трети лица и други форми на регулирање на побарувањата, под услови што ќе ги утврди Управниот одбор на Агенцијата.

Член 12

Наплатените побарувања според член 11 на овој закон се приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 13

Побарувањата и обврските по кредитите од Парискиот клуб на доверители, банките ги отстрануваат од своите биланси од 1 јануари 1995 година, а според состојбата утврдена на 31 декември 1994 година и ги прикажуваат во посебна евиденција.

Банките се должни на Агенцијата да и ги пренесат сите права и врз инструментите на обезбедување на побарувањата по кредитите од став 1 на овој член.

Член 14

Република Македонија ќе ги преземе за плаќање и обврските спрема Парискиот клуб на доверители во висина од 5,4% од нераспределениот долг по крајни корисници, користен од органи на поранешна СФРЈ, кој ќе биде договорен со Парискиот клуб на доверители.

## IV. ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ПО КРЕДИТИ ДОБИЕНИ ОД ДРУГИ СТРАНСКИ КРЕДИТОРИ

Член 15

Република Македонија од билансите на банките презема и дел од обврските по кредитите од Меѓународната финансиска корпорација (IFC) настанати по преземените кредити од поранешна СФРЈ согласно со Законот за преземање на обврските на Федерацијата по определени странски кредити и за задолжување на Народната банка на Југославија во странство за сметка на Федерацијата во 1990 година („Службен лист на СФРЈ“ број 83/89).

Побарувањата на Република Македонија за преземените обврски од став 1 на овој член имаат статус на влог на Република Македонија во вредноста на претпријатието, во согласност со член 7 став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ број 38/93 и 48/93).

Член 16

Обврските и побарувањата врз основа на главнина и камата за кредитите одобрени од Парискиот клуб на доверители каде што Стопанска банка А.Д. Скопје е носител, односно агентплаќач за крајни корисници со седиште надвор од Република Македонија во износ од 28,09 милиони САД долари, се отстрануваат од билансот и се прикажуваат вонбилансно кај Стопанска банка А.Д. Скопје.

Член 17

Сите други побарувања и обврски по кредити добиени од странски кредитори до 30 март 1992 година, освен по кредитите добиени од Парискиот клуб на доверители, се отстрануваат од билансите со состојба на 31 октомври 1995 година и се водат вонбилансно кај банките.

Член 18

Се овластува Владата на Република Македонија да преговара со странските кредитори за регулирање на побарувањата и обврските по кредитите од членовите 16 и 17 на овој закон.

## V. РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

Член 19

Покрај спроведувањето на процесот на санација на дел од банките според овој закон, реконструирањето на Стопанска банка А.Д. Скопје (во натамошниот текст: Банка) опфаќа и:

- утврдување и отстранување на ненаплативите денарски заеми од билансот на Банката;
- поништување на акционерскиот капитал на должниците чии обврски се предмет на регулирање со овој закон;
- разделување и приватизирање на Банката и
- учество на претставници од Владата на Република Македонија и Народната банка во органите на управување на Банката.

Член 20

Ненаплативите денарски побарувања на Банката со состојба на 31 декември 1994 година и нивното регулирање ги утврдува Народната банка со решение на гувернерот.

Под ненаплативи денарски побарувања во смисла на став 1 од овој член се подразбираат денарските пласмани класифицирани во категориите „г" и „д" и дел од пласманите во категоријата „в" доколку се утврди дека тие се тешко наплативи или ненаплативи.

Во ненаплативите денарски побарувања од ставовите 1 и 2 на овој член се вклучени и побарувањата на Банката од претпријатијата кои согласно со член 7 од Законот за преструктурирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби („Службен весник на Република Македонија" број 2/95) се претвораат во влог во тие претпријатија.

Утврдениот износ на ненаплативите побарувања од став 1 на овој член се намалува за:

- износот на акционерскиот капитал на должниците чии обврски се предмет на регулирање со овој закон;
- износот на селективните кредити на Народната банка кај Банката и
- соодветниот дел од резервациите на Банката според годишната пресметка за 1994 година.

Остатокот од ненаплативите денарски побарувања во кој е вклучен и износот на ненаплативите денарски побарувања кои се покриени со селективните кредити од став 4 алинеја 2 на овој член, се пренесува на Агенцијата.

При преносот на остатокот од ненаплативите побарувања од став 4 на овој член на Агенцијата и се пренесуваат и сите права врз инструментите за обезбедување на овие ненаплативи побарувања.

Под должници чии обврски се предмет на регулирање со овој закон се подразбираат правни или физички лица и нивните капитално поврзани лица чии обврски спрема Банката се пренесуваат во Агенцијата.

Член 21

Наплатата на денарските побарувања од член 20 став 5 на овој закон ја врши Агенцијата.

При наплатата на побарувањата од став 1 на овој член, Агенцијата може да договори предвремена наплата со дисконт, да ги продава побарувањата на трети лица и други форми на регулирање на побарувањата, под услови што ќе ги утврди Управниот одбор на Агенцијата.

Наплатените побарувања од став 1 на овој член се приход на Буџетот на Република Македонија.

Документацијата за денарските пласмани од став 1 на овој член се чува во Банката. Начинот на чување и користење на документацијата, како и вршењето на административно-евиденциските активности во врска со тоа, ќе се уреди со посебен договор меѓу Агенцијата и Банката.

Член 22

Една или повеќе филијали на Банката кои претставуваат околу 10% од билансот на Банката ќе се издвои во самостојна банка и ќе се приватизира така што акционерскиот капитал во приватна сопственост да изнесува најмалку 51% од вкупниот капитал на издвоената банка.

Формирањето на самостојни банки според став 1 на овој член ќе се врши според следниве критериуми:

- да има чист и комплетен биланс на состојба со целосно идентификуван акционерски капитал (актива и пасива);
- да има акционерски капитал од најмалку 9 милиони ДЕМ во денарска противвредност по курсот на Народната банка;
- да има вкупна актива во билансот на состојба во износ над 40 милиони ДЕМ во денарска противвредност по курсот на Народната банка;
- да е ликвидна, да има позитивен прилив на готови средства и рентабилни билансни и вонбилансни операции;
- да има компетентно раководство, адекватно книговодство, техничка опременост и задоволителен управувачки информативен систем;
- да има јасен развоен потенцијал;
- да има други банки, филијали или експозитури на друга банка во нејзиниот регион и
- да е подготвена и способна да привлече дополнителен капитал во првата година на нејзиното самостојно работење.

Доколку по намалувањето на износот на ненаплативите побарувања според член 20 на овој закон и издвојувањето од став 1 на овој член, билансот на Банката и натаму е поголем од 1,8 пати од билансот на втората по големина банка во Република Македонија, ќе се изврши натамошно издвојување на дел или делови од банката како самостојни банки, според критериумите од став 2 на овој член.

Врз основа на критериумите од став 2 на овој член и во согласност со постојните прописи, Народната банка ќе ја спроведе постапката за издвојување на дел од Банката и негово трансформирање во самостојни банки.

Член 23

Остатокот од Банката, по издвојување на дел или делови како самостојни банки ќе се приватизира така што најмалку 51% од нејзиниот акционерски капитал ќе биде сопственост на приватни инвеститори.

Под приватни инвеститори во смисла на став 1 на овој член, се подразбираат физички и правни лица со мнозинство на приватна сопственост (51% од основачкиот капитал).

Член 24

Во постапката на реконструирање на Банката во управниот одбор на Банката, членуваат двајца претставници именувани од Владата на Република Македонија и еден претставник именуван од Народната банка.

Членовите на управниот одбор именувани од Владата на Република Македонија имаат право на 51% од вкупниот број гласови при одлучувањето.

Одлучувањето во управниот одбор на Банката врз основа на сопственоста врз акциите во основачкиот капитал на Банката ќе се воспостави повторно со одлука на Владата на Република Македонија.

Одлуката од став 3 на овој член Владата на Република Македонија ќе ја донесе врз основа на извештајот на Народната банка за завршување на спроведувањето на постапката за реконструирање на Банката, а најдоцна во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Во постапката на реконструирање на Банката, а до конституирањето на управниот одбор на Банката, гувернерот на Народната банка, покрај мерките предвидени во постојните прописи, може да ѝ наложи на Банката преземање и на следниве мерки:

– да изврши одредени статусни измени;

– да изврши продажба на одредени нејзини делови и основни средства и

– да ги продаде акциите стекнати врз основа на капитални вложувања во други правни лица.

Покрај мерките од став 1 на овој член, гувернерот на Народната банка може да преземе и други мерки заради ефикасно завршување на процесот на реконструирање на Банката.

## VI. ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ

Член 26

Агенцијата, во име и за сметка на Република Македонија, издава обврзници во вкупен износ до 7.100.000 000 денари за:

– санација и реконструирање на Банката во износ до 6.000.000.000,00 денари и

– надоместување на селективните кредити на Народната банка што се пребиваат со износот на дел од ненаплативите побарувања кај Банката во износ до 1.100.000.000 денари.

Член 27

Обврските од обврзниците по овој закон застаруваат во рок од една година од денот на пристигнувањето на наплатата.

Член 28

Работите за издавањето, евиденцијата, пресметувањето на ануитетите и отплатувањето на главнината и каматата, во име и за сметка на Република Македонија, го врши Агенцијата.

Член 29

Содржината, формата, текстот, правото на пренос, судската заштита на наплатата на главнината и каматата и можностите за замена со други хартии од вредност, на обврзниците по овој закон, ги пропишува и утврдува Агенцијата.

**А. Обврзници за Банката**

Член 30

Обврзниците гласат на доносител.

Член 31

Обврзниците се издаваат во апоени од 100.000, 500.000 и 1.000.000 денари.

Член 32

На номиналниот износ на обврзницата се пресметува камата во висина на есконтната стапка на Народната банка.

Член 33

Отплатата на главнината ќе се врши во рок од 15 години, во еднакви годишни рати, врз основа на купони што ги содржи обврзницата, а кои пристигнуваат за отплата на 1 април секоја година, почнувајќи од 1 април 1996 година.

Каматата на обврзниците се пресметува и исплатува месечно врз основа на купони најдоцна до 5. во месецот почнувајќи од 1 април 1995 година.

Отплатата на обврските од ставовите 1 и 2 на овој член ќе се врши од средствата на Буџетот на Република Македонија.

**Б. Обврзници за Народната банка**

Член 34

Обврзницата гласи на име.

Член 35

Обврзницата се издава во апоени од 1.100.000.000 денари.

Член 36

На номиналниот износ на обврзницата не се пресметува камата.

Член 37

Отплатата на главнината ќе се изврши на 1 април 2020 година.

Отплатата на обврзницата од став 1 на овој член ќе се изврши од средствата на Буџетот на Република Македонија.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Непридржувањето на банките кон одредбите на овој закон претставува работење на банките спротивно на мерките на монетарно-кредитната политика кое повлекува преземање мерки согласно со член 94 став 1 точка 3) од Законот за Народната банка на Република Македонија.

Член 39

Со парична казна од 150 до 200 плати ќе се казни за стопански престап банка која не се придржува кон членовите 4, 5, 10, 13, 20 и 21 на овој закон.

Со парична казна од пет до десет плати ќе се казни и одговорното лице во банката кое ќе направи стопански престап од став 1 на овој член.

Одговорното лице во банката правосилно осуден за стопански престап од став 1 на овој член во рок од две години од денот на правосилноста на пресудата, не смее да врши раководни функции во банка.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

Заради спречување на создавање ризични пласмани кај банките Народната банка ги пропишува поблиските услови за примена на член 27 од Законот за банките и штедилниците.

Член 41

За спроведување на овој закон, по потреба, министерот за финансии и гувернерот на Народната банка ќе донесат поблиски прописи.

Член 42

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**289.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 март 1995 година.

Број 08-1011/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 78/93 и 70/94), во Тарифата на акцизите во тарифниот број 1 став 1 точка 1) се менува и гласи:

1) Моторен бензин
- МБ-86 ........................ 69,9797%
- МБ-98 ........................ 69,9150%
- БМБ-95 ...................... 67,7096%"

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

290.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 1995 година.

Број 08-1047/1
15 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 80/93 и 3/94), во членот 3 по зборот „смрт" запирката се брише, се додава зборот „и", по зборот „оштетување" се става точка, а зборовите до крајот на членот се бришат.

Член 2

Во членот 5 точката 6 по зборот „пензија" се става точка, зборот „и" и точката „7" се бришат.

Член 3

Во членот 15 точка 3 се менува и гласи:

„3) на обука по покана на органите на одбраната".

Член 4

Во членот 19 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„За осигурениците од член 11 точка 2 старосната пензија се утврдува од пензиската основа, односно од месечниот просек на платите што осигуреникот ги остварил за време на вкупното траење на осигурувањето, а најрано од 1 април 1992 година".

Ставовите 2 и 3 на овој член стануваат ставови 3 и 4.

Во ставот 3 бројот „2" се заменува со бројот „3".

Член 5

Во членот 37 ставот 1 се менува и гласи:

„Усогласувањето на старосната пензија се врши од 1 јануари и од 1 јули тековната година според движењето на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката, и тоа:

- од 1 јануари според движењето на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката, остварена за декември претходната година во однос на просечната плата во нестопанството, остварена во јуни истата година и

- од 1 јули според движењето на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката, остварена за јуни тековната година во однос на просечната плата во нестопанството, остварена во декември претходната година".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Усогласувањето од став 1 на овој член се врши почнувајќи од исплатата на пензиите за јануари, односно јули тековната година".

Во ставот 3 бројот „2" се заменува со бројот „3".

Во ставот 4 точката на крајот на ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „земајќи го предвид и влијанието на усогласувањето на пензиите предизвикани со друг закон".

Ставот 5 се брише.

Член 6

Во членот 53 ставот 2 се брише.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Фондот спогодбено со други субјекти учествува со средства за вработување на деца со пречки во психофизичкиот развој - деца на осигуреници".

Член 7

Членот 61 се менува и гласи:

„Средствата за исплата на паричните надоместоци од член 54 на овој закон ги обезбедува и исплатува работодавецот.

По исклучок од став 1 на овој член кога на инвалидот на трудот со преостанатата работна способност му престане работниот однос заради престанок на правното лице поради стечај или ликвидација, средствата за исплата на паричните надоместоци од член 54 како паричен надомест до вработување и за правото од член 47 став 3 ги обезбедува Фондот најмногу за време од 3 години од престанокот на правното лице.

Осигуреникот од став 2 на овој член е должен во рок од 30 дена од престанокот на правното лице да се пријави во службата надлежна за посредување при вработување.

Осигуреникот нема право да користи паричен надоместок по основа на невработеност, за времето за кое прима паричен надоместок од став 3 на овој член."

Член 8

Во членот 73 се додаваат два нови става кои гласат:

„Вдовецот кој во текот на користење на правото по основа на родителска должност стане неспособен за работа или наполни 55 години живот трајно го задржува правото на семејна пензија.

Вдовецот кој го загубил правото на семејна пензија по основа на вршење на родителска должност по наполнети 50 години живот, стекнува право на семејна пензија кога ќе наполни 55 години живот."

Член 9

Во главата III СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА точката 5 и поднасловот „Паричен надоместок за помош и нега" со членовите 89, 90, 91, 92 и 93 се бришат.

Член 10

Во членот 94 точка 1, по потточката в) се додава нова потточка г) која гласи:

„г) должности во единиците за специјална намена."

Точката 4 се брише.

Член 11

По членот 123 се додава нов член 123-а кој гласи:

"Член 123-а

Во стаж на осигурување се смета времето поминато во задолжително осигурување под услов да е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување."

Член 12

Во членот 139 став 1 по зборот „оштетување" зборовите: „потреба од помош и нега" се бришат.

Член 13

По членот 139 се додава нов член 139-а кој гласи:

"Член 139-а

За преоцена на наодот, оцената и мислењето на Комисијата за оцена на работната способност, министерот за труд и социјална политика образува посебна комисија од стручни лица, составена од познати и истакнати медицински стручњаци.

Ако посебната комисија од став 1 на овој член констатира неправилности во работењето на одделни членови на Комисијата за оцена на работната способност, тоа ќе се смета за кршење на работната дисциплина и претставува основа за престанок на работниот однос.

За својата работа членовите на посебната комисија имаат право на надоместок кој го определува министерот."

Член 14

Во членот 163 став 1 точките 3, 9 и 11 се бришат, а точките 4, 5, 6, 7, 8, 10, 12, 13 и 14 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

Член 15

Во членот 165 став 1 се додаваат пет нови точки кои гласат:

„1) раководи со Фондот и го претставува и застапува Фондот пред трети лица;

2) ги предлага основите на програмата за работа и планот за работа и презема мерки за нивно спроведување;

3) донесува акти за организација и работа на Фондот и општ акт за систематизација на работите во Фондот во согласност со Владата;

4) ги избира и разрешува работниците со посебни овластувања и одговорности;

5) се грижи уплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување да биде редовна."

Точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

Член 16

Членот 166 се брише.

Член 17

Во членот 167 ставот 2 се брише.

Член 18

Во членот 174 став 4 точката на крајот од ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „ако во тој рок одлуките од овој став не се донесени ќе се применуваат одлуките за стапките на придонесите кои важеле во претходниот период."

Член 19

Во членот 175 став 1 точка 1 по зборовите: „односн од" се додаваат зборовите: „основицата на која е пр сметан."

Член 20

Во членот 176 став 1 точка 4 точката на крајот с ставот се заменува со запирка и се додаваат зборови „освен трошоците за доставување на пензиските пр мања кои паѓаат на товар на корисниците."

Ставот 2 се брише.

Член 21

По членот 179 се додава нов член 179-а кој гласи:

"Член 179-а

Со домовите и становите за живеење на корисн ците на пензија, објектите наменети за клубови за дн вен престој, објектите наменети за одмор и рекреаци на корисниците на пензија и други објекти што државна сопственост, управува Фондот.

Фондот со општ акт ги утврдува функцијата и дејн ста на овие објекти, како и начинот и условите на ни ното работење."

Член 22

Во членот 180 став 9 бројот „50%" се заменува бројот „30%".

Член 23

Во членот 184 став 2 се менува и гласи:

„За осигурениците кои навреме не се пријавиле пензиското и инвалидското осигурување или нецелос и навреме не го плаќале придонесот како основица осигурување за пресметување и плаќање на придонес служи платата или основицата на осигурување на ден на поднесувањето на барањето, односно на денот намирувањето на придонесот.

За осигурениците од став 1 на овој член кои нема плата, односно основица на осигурување, за пресмет вање и плаќање на придонесот за пензиското и инвали ското осигурување служи основицата според стручна квалификација определена со општ акт на Фондот".

Член 24

Во членот 185 став 4 по зборот „став" се додава зборовите: „1 и".

Член 25

Во членот 191 став 1 зборовите: „од 20 до 60 плат се заменуваат со зборовите: „од четири до дваесет пл ти".

Во ставот 2 зборовите: „од две до дванаесет плат се заменуваат со зборовите: „од една до три плати".

Член 26

Во членот 192 зборовите: „од две до десет плати" заменуваат со зборовите: „од една половина до пет пл ти."

Член 27

Пензиите за месец јануари 1995 година заклучно месец декември се пресметуваат и исплатуваат во в сина на исплатената пензија за месец декември 199 година, зголемена за една третина од остварена стапка на пораст на трошоците на живот во тековни месец во однос на претходниот месец.

Член 28

Овој закон влегува во сила со денот на објавување во „Службен в ик на Република Македонија".

**291.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 1995 година.

Број 08-1046/1
15 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/78, 43/78, 35/85, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија“ број 38/91) во членот 27-а во шестиот ред по зборот „лице“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По став 1 се додаваат два нови ставови 2 и 3 кои гласат:

„Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице имаат и корисниците на пензија, како и осигуреникот кој засновал работен однос како слеп, заболен од дистрофија или сродни мускуларни или невромускуларни заболувања, церебрална или детска парализа, параплегија, како и други заболувања или повреди поради кои не може самостојно да се движи додека е во работен однос или таквата неспособност настанала во текот на траењето на работниот однос.

Покрај корисниците од ставовите 1 и 2 на овој член, право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице имаат и корисниците на минимална старосна и семејна земјоделска пензија и други лица кои имаат потреба за помош и нега.“

Член 2

По членот 27-а се додава нов член 27-б кој гласи:

"Член 27-б

Како корисник на паричен надоместок од членот 1 ставовите 2 и 3 на овој закон е лицето кое не може да ги врши основните животни потреби, односно истото е неподвижно, потполно слепо лице, како и лице кое поради трајни заболувања и болни состојби не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби.“

Член 3

Членот 27-б кој станува член 27-в, се менува и гласи:

"Член 27-в

Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице за корисниците од членот 27-а донесува комисијата за оцена на работната способност на фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

По исклучок од став 1 на овој член, за лицата со тешки, потешки и најтешки пречки во психичкиот и физичкиот развој над 26 годишна возраст донесува организацијата што ќе ја определи министерот за труд и социјална политика со посебен акт.“

Член 4

Членот 27-в станува член 27-г.

Член 5

Во членот 44 став 1 зборовите: „именување и разрешување на индивидуалниот работоводен орган“ се бришат.

Член 6

Членот 57 се брише.

Член 7

Членот 58 се менува и гласи:

„Директорот на организацијата за социјална заштита, на предлог на министерот за труд и социјална политика, го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Директорот на организацијата на социјална заштита се именува за време од четири години.

По истекот на рокот од став 2 на овој член, истото лице може повторно да биде именувано за директор.“

Член 8

Во членот 74-ѓ се додава нов став кој гласи:

„Организацијата за социјална заштита должна е до 15 во месецот, за претходниот месец, до Министерството за труд и социјална политика да доставува писмен извештај за вкупно обезбедените и потрошените средства по намени за остварување на дејноста.“

Член 9

По членот 94 се додава нов член 94-а кој гласи:

"Член 94-а

Паричниот надоместок за корисниците од членот 1 став 2 на овој закон, кои правото го оствариле до влегувањето во сила на овој закон според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, правото им се обезбедува и по денот на влегувањето во сила на овој закон во висина на стварно исплатеното ниво.“

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**292.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 март 1995 година.

Број 08-1028/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 80/93 и 3/94) во членот 71 став 2 по зборот „износ" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 2

Во членот 115 став 1 точките: 6), 8), 11), 13), 15), 16) и 17) се бришат.

Во точката 12) точката и запирката се заменува со зборот „и".

Во точката 14) точката и запирката се заменуваат со точка.

Точките: 7), 9), 10), 12) и 14), стануваат точки: 6). 7), 8), 9) и 10).

Член 3

Во членот 121 став 1 зборот „шест" се заменува со зборот „три".

Член 4

По член 121 се додаваат три нови члена 121-а, 121-б и 121-в кои гласат:

"Член 121-а

Работниот однос на работникот му престанува без отказен рок во случаите на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој или друг закон, колективен договор и договор за работа, а особено ако:

1) неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена со прекин во текот на една година;

2) го злоупотреби боледувањето;

3) не се придржува кон прописите за заштита од болест, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;

4) внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства;

5) стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание ќе предизвика штета на работодавецот;

6) го злоупотреби или пречекори даденото овластување и

7) одаде деловна, службена или државна тајна.

Со закон и колективен договор може да се утврдат и други случаи на кршење на работниот ред и дисциплина и на работните обврски.

Член 121-б

По исклучок од член 121-а од овој закон до донесувањето на одлуката за отказ, со писмен налог на овластеното лице кај работодавецот, работникот се отстранува од работното место или од кај работодавецот ако:

1) непосредно се загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средства од поголема вредност;

2) присуството на работа и понатамошна работа кај работодавецот штетно ќе се одразува врз работењето на работодавецот;

3) го осуетува или оневозможува утврдувањето на одговорноста за повреда на работните обврски и

4) кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата.

Член 121-в

Приговорот против престанок на работниот однос односно против отстранувањето од работното место или од кај работодавецот, во смисла на членовите 121-а и 121-б не ја задржува од извршување одлуката за отказ, односно писмениот налог".

Член 5

Во член 127 став 1 зборовите: „најмалку шест месеци пред престанокот на работниот однос" се заменуваат со зборовите: „еден месец во случаи на поединечен престанок на работен однос или во случаи на престанок на помал број работници, а три месеци во случаи на престанок на работниот однос на повеќе од 150 работници или 5% од вкупниот број вработени во претпријатието, пред престанок на работниот однос".

Во став 2 по зборот „должен" се додаваат зборовите: „во рок од осум дена од денот на донесувањето на одлуката за престанок на работниот однос".

Член 6

Во членот 145 став 1 зборовите: „од 50 до 100 плати" се заменуваат со зборовите: „од 8 до 20 плати".

Член 7

Во членот 146 став 1 зборовите: „од 40 до 90 плати" се заменуваат со зборовите: „од 6 до 18 плати".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**293.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за насоченото образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 1995 година.

Број 08-1037/1
15 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 2/86, 29/86, 7/88, 12/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91), во член 289 став 1 зборовите: „500.000 до 2.000.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати".

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една петтина до три плати".

Член 2

Во член 290 став 1 зборовите: „300.000 до 1.000.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до петнаесет плати".

Во став 2 зборовите: „100.000 до 250.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една петтина до две плати".

Член 3

Во член 291 став 1 зборовите: „300.000 до 800.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати".

Во став 2 зборовите: „на организацијата" се заменуваат со зборовите: „во организацијата", а зборовите: „од 100.000 до 200.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една петтина до три плати".

Член 4

Во член 292 став 1 зборовите: „200.000 до 500.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати".

Во став 2 зборовите: „50.000 до 150.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една петтина до три плати".

Член 5

Во член 293 зборовите: „100.000 до 250.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една десеттина до една половина од плата".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

294.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 1995 година.

Број 08-1036/1
15 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83, 29/86, 15/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91), во член 265 став 1 зборовите: „10.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати".

Во став 2 зборовите: „10.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати".

Во став 3 зборовите: „1.000 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „една петтина до три плати".

Член 2

Во член 266 став 1 зборовите: „8.000 до 20.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до петнаесет плати".

Во став 2 зборовите: „800 до 2.000 денари" се заменуваат со зборовите: „една петтина до две плати".

Член 3

Во член 267 став 1 зборовите: „15.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати".

Во став 2 зборовите: „1.000 до 2.500 динари" се заменува со зборовите: „една петтина до три плати".

Член 4

Во член 268 став 1 зборовите: „20.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати".

Во став 2 зборовите: „200 до 250 динари" се заменуваат со зборовите: „една петтина до три плати".

Член 5

Во член 269 зборовите: „1.000 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „една десеттина до една половина од плата".

Член 6

Во член 270 став 1 зборовите: „1.500 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „една десеттина до една половина од плата".

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

295.

Врз основа на член 72 став 1 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 9/78, 27/78, 17/79, 46/82, 11/87, 24/88, 10/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 55/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА, ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ, СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

I

Во Одлуката за утврдување бројот на судиите во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и окружните стопански судови („Службен весник на СРМ" број 38/83, 35/86 и 28/87), во дел I точка 1, бројот „20" се заменува со бројот „25".

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1014/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**296.**

Врз основа на член 12 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ број 40/87 и 36/89), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

1. Се разрешува од функцијата член на Одборот на доделување на наградата „Гоце Делчев“

Ешреф Алиу, поради неговиот избор за министер во Владата на Република Македонија.

2. За член на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“ се именува

д-р Аслан Селмани, професор на Природно – математичкиот факултет – Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1026/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**297.**

Врз основа на член 62 од Законот за научно–истражнувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85 и 12/90), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ - СКОПЈЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ИНСТИТУТОТ

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ Скопје, со која се разрешува од должноста индивидуален работоводен орган на Институтот

д-р Благој Стоичковски, заклучно со 31 декември 1994 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1027/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**298.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија, се избираат:

Санде Давчев, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Илија Рајковски, индивидуален работоводен орган на ООЗТ Опера при Македонскиот народен театар.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1025/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**299.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТОТ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со Република Албанија, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на двете држави.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа:

претседател
Благоја Силјановски,
членови:
Никола Р. Поповски,
Слободан Богдановски,
Ферид Мусовски,
Николина Трајановска,
Драган Митевски,
Томислав Стојановски и
Газменд Ајдарага.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1017/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**300.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТОТ НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со Република Бугарија, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на двете држави.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа:
претседател
Санде Давчев
членови:
Зоре Темелковски,
Љупчо Беличев,
Ристо Масев,
Дане Милошевски,
Сејфедин Харуни,
Персида Малинска и
Бранко Арсовски

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1023/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**301.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТОТ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со Република Турција, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на двете држави.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа:
претседател
Алил Џаферовски,
членови:
Драган Георгиев,
Туше Гошев,
Илија Гоцевски,
Владимир Станковски,
Славчо Чапов,
Мирко Пецов и
Мерсел Биљали.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1018/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**302.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТОТ НА РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со Република Италија, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на двете држави.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа:
претседател
Ѓорѓи Атанасов,
членови:
Иван Бојков,
Ристо Марковски,
Љубомир Чадиковски,
Слободан Доневски,
Зоран Шапуриќ,
Љубисав Иванов и
Мевљан Тахири.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1022/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

303.

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТОТ НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со Република Франција, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на двете држави.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа:

претседател
Јован Лазаров,
членови:
Нано Ружин,
Илинка Митрева,
Борис Костаќев,
Милчо Трајков,
Љупчо Мешков,
Јаќим Ивановски и
Џеладин Мурати.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1021/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

304.

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТОТ НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со Република Словенија, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на двете држави.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа:

претседател
Насер Зибери,
членови:
Благој Стојковски,
Живко Јанкуловски,
Киро Спасовски,
Атанас Вангелов,
Симеон Наумовски,
Димитар Трпеновски и
Фаик Абди.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1019/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

305.

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТОТ НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со Руската Федерација, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на двете држави.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа:

претседател
Слободан Најдовски,
членови:
Душан Николовски,
Рубинчо Белчевски,
Владо Давитковски,
Стојче Ковачевски,
Мирко Трипуновски,
Назми Малиќи и
Звонко Каров.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1024/1
14 март 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I - Скопје поднесена е тужба за утврдување право на сопственост по основ на градба од тужителот Биран Дали од Скопје, ул. „Васил Аџеларски" бр. 18, против тужениот Абди Ештреф, сега со непозната адреса на живеење, иселен во Република Турција.

Се повикува тужениот Абди Ештреф да се јави во Општинскиот суд Скопје I - Скопје, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или да одреди полномошник кој пред судот ќе ги штити неговите интереси. Во спротивно, на тужениот ќе му биде одреден привремен застапник кој што ќе го застапува пред судот до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд Скопје I - Скопје, XVIII П. бр. 434/95. (101)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Фана Спирова Димитријоска од Скопје, ул. „Лазар Поп Трајков" бр. 31/1-1 против тужениот Спиров Живко од Скопје ул. „Панче Неделковски" бр. 69/7 а, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот Спиров Живко од Скопје, а сега со непозната адреса да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот Спиров Живко не се јави во рок од 30 дена истиот ќе биде застапуван од привремен старател.

Од Општинскиот суд во Скопје II - Скопје, I.П.бр. 2758/94. (90)

---

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Мерсада Спасовска против тужениот Сретен Спасовски со непозната адреса.

Се повикува тужениот Сретен Спасовски кој се наоѓа во странство со непозната адреса да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење, во спротивно судот ќе му постави привремен старател преку Центарот за социјални работи од редот на адвокатите кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје II - Скопје, XIII. П.бр. 3497/94. (91

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Пред Општинскиот суд во Куманово е поведена постапка за докажување на смртта на лицето Џеваире Камбери од татко Мумин и мајка Амдиe, родена на 3.V.1946 година во с. Оризаре, а вонбрачно живеела со Исни Куртиши од с. Отља од 1968 година и со кого во таа заедница имала пет деца.

Постапката е поведена од нејзиниот сопруг Исни Куртиши кој наведува дека Џеваире умрела во месец јули 1984 година.

Се повикува секое лице што знае за Џеваире Камбери како и самата доколку е жива да се јави во судот во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ". Во спротивно по истекот на тој рок лицето Џеваире Камбери ќе се прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Куманово, III. П.бр. 3/94. (89)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор за сопственост лицето Душан Блажевски од с. Теново, против тужениот Трпчевски Александар од Белград СРЈ со непозната адреса.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса, се повикува да се јави во овој суд во рок од 15 дена по објавувањето на огласот или да постави свој застапник. Во спротивно судот ќе му постави привремен старател по службена должност кој ќе ги штити неговите права до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 109/95. (86)

---

Пред овој суд води спор за сопственост по основ на градба по тужбата на тужителот Садики Рамадан и Садики Алије од с. Џепчиште, против тужениот Садики Абдулвеап од с. Џепчиште со непозната адреса во Швајцарија.

Се повикува тужениот да во рок од 30 дена се јави во овој суд или во истиот рок овласти свој полномошник кој ќе го застапува спорот. Во спротивно судот ќе му одреди привремен застапник кој ќе се грижи за неговите интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд Тетово, П. бр. 257/95. (87)

---

Пред овој суд се води спор за раскинување на договор за поклон по тужбата на тужителот Арслани Ваит од с. Желино против тужените Арслани Зурап од с. Желино сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот Арслани Зурап од с. Желино, сега со непозната адреса во странство да се јави пред судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или во истиот рок овласти свој полномошник. Во спротивно овој суд ќе му постави свој полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 257/95. (87)

---

Пред судот е во тек постапката за утврдување на смртта за лицето Селмани Бејто роден 1911 година во с. Корита СО Гостивар.

Се повикува Селмани (Елеза) Бејто роден 1911 година во с. Корита СО Гостивар да е јави во просториите на Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена од објавувањето на огласот, или пак во погоре наведениот рок во просториите на Општинскиот суд во Тетово или било кое друго лице што знае за лицето Селмани Бјето.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 175/95. (99)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води граѓански спор за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителот Елез Нуредини од с. Камењане против тужените Салаи Феми Енвер и Салаи Феми Таир двајцата с. Камењане сега со непозната адреса во Германија.

Се покануваат тужените Сали Енвер и Сали Таир и двајцата од с. Камењане да во рок од 30 дена се јават пред овој суд ја достават сегашната нивна адреса или пак постават нивни полномошник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 326/95. (94)

---

Пред овој суд е во тек постапка за докажување на смртта за Асани Исмаил Џемаил од с. Боговиње.

Се повикува лицето Асани Џемаил од с. Боговиње да во рок од 15 дена од објавувањето на огласот се јави во Општинскиот суд Тетово или било кое друго лице што знае за лицето Асани Џемаил.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 5/95. (95)

---

Пред овој суд води процес за сопственост Џелаилов Илми од с. Чегране против Стојковски Русалимов од с. Волковија а сега со непозната адреса во Романија.

Се повикува туженииот да во рок од месец дена од објавувањето на огласот се јави на судот или постави свој застапник, ако тоа не го стори во овој рок судот ќе му постави привремен старател кој ќе го води процесот во негово име.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 180/95. (96)

---

Пред судот е во тек постапка за докажување на смртта за покојниот Бакии Меваип бивш од с. Г. Речица.

Се повикува лицето Бакии Меваип од с. Г. Речица да во рок од 15 дена по објавувањето на огласот се јави во Општинскиот суд во Тетово, или пак, во тој период да се јави било кое друго лице што нешто знае за Бакии Меваип.

Од Општинскиот суд во Тетово, р. бр. 124/95. (98)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителската Селиме Руфати од с. Требош, сега со непозната адреса во Германија.

Се повикуваат туженииот да достави точна адреса да се јави во судот или да одреди полномошник кој ќе го застапува по овој предмет во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок судот ќе му постави на тужениот привремен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 164/95. (100)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ДЕЛЧЕВО

Пред Општинскиот суд во Делчево поведен е постапка по предлог на предлагачот Алекса Костадинов од Виница со стан на ул. „14-та Македонска бригада“ бр. 8 за докажување на смртта на противникот Герасим Вангел Костадинов од село Луковица.

Се повикува Герасим Ванѓел Костадинов од село Луковица кој наводно починал на ден 28.VIII.1990 година да се јави пред судот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ“ и на огласната табла на овој суд.

Истовремено се повикува и секој оној кој знае за неговиот живот да е јави во овој суд. По истекот на рокот судот ќе донесе одлука по предлогот за докажување на смртта.

Од Оркужниот суд во Делчево, ВПП. бр. 66/94. (92)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Мемеди Башким од село Дебреше Гостиварско против тужената Мемеди род. Јарагиќ Винесе порано од село Дебреше а сега со непозната адреса.

На тужената Мемеди род. Јарагиќ Винесе и се поставува привремен застапник и тоа лицето Хајдари Шефјет од село, Чајле, Гостиварско дипломиран правник и волонтер во Општинскиот суд во Гостивар, ја застапува во постапката се додека органот за старателство не ќе го извести судот дека назначил старател.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 206/95. (97)

---

Се повикува Бекташи Агим од с. Врбјане сега со непознато престојувалиште во Италија да се јави пред Општинскиот суд во Гостивар или пак постави свој полномошник во постапката што се води пред Општинскиот суд Гостивар по тужбата на мал. Бекташи Хикмет застапуван од законскиот застапник Черкези Ханифе од с. Врбјане за издршка.

Во колку истиот не се јави ниту пак постави свој полномошник во постапката ќе го застапува привремениот застапник Герасимоски Герасим од Гостивар се до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 850/94. (93)

# ОГЛАСИ ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ

## ОГЛАС
## ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ СЛЕДБЕНИЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊЕТО ОД ПРЕТПРИЈАТИЕТО

1. АД „Младина“ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Даме Груев бр. 5 објавува дека ја започна постапката за својата приватизација.

Се повикуваат поранешните сопственици и нивните правни наследници, државјани на РМ да ги пријават своите евентуални побарувања од АД „Младина“ Скопје во рок од 60 дена по објавувањето на овој оглас.

2. Пријавувањето на побарувањата се врши на пропишан образец, а се доставува истовремено до ова Друштво и до Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

АД „Младина“ увоз-извоз Скопје

---

## ОГЛАС
## ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ЗА НАЈАВУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СВОИТЕ ПРАВА

1. ГП „Маврово“ Скопје отпочнува постапка за трансформација на општествениот капитал во согласност со одредбите на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

2. Се повикуваат поранешните сопственици и нивните правни наследници, државјани на Република Македонија, до колку имаат да ги пријават своите побарувања кон Претпријатието, во рок од 60 дена, сметано од денот на објавувањето на Огласот.

3. Своите побарувања барателите ги доставуваат истовремено до Претпријатието и до Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

4. Барањата за заштита на своите права се доставуваат на посебен образец пропишан од Агенцијата што е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 3/94.

5. Седиштето е на Плоштад „Македонија“ бр. 2 Скопје.

---

Врз основа на член 34 од Статутот на АД „ТРИКО“ – Виница, и Одлука од Управниот Одбор се распишува

## ОГЛАС

Согласно член 34 од Законот за трансформација на претпријатието со општествен капитал Сл. весник 38/95 година, објавуваме дека АД „ТРИКО“ – Виница, на ден 21.02.1995 година, донесе Одлука бр. 02.103 за отпочнување на процесот на Трансформација на претпријатието АД „ТРИКО“ – Виница.

---

Врз основа на чл. 33 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал Акционерското друштво во мешовита сопственост „АТОМ“ Д.О. – Кочани, согласно Планот за начинот, редоследот на постапките, роковите и носителите на активностите за спроведување на активностите за доприватизација на „АТОМ“ – Кочани, Управниот одбор на друштвото објавува

## ОГЛАС
## СО КОЈ ГИ ПОВИКУВА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ НАСЛЕДНИЦИ ДА ГИ НАЈАВАТ ПОБАРУВАЊАТА ОД ПРЕТПРИЈАТИЕТО

1. Барање можат да поднесат поранешни сопственици и нивните правни наследници кои се државјани на Република Македонија.

2. Барањето за побарување поранешните сопственици и нивните правни наследници можат да го поднесат во рок од 60 дена од денот на објавувањето на овој оглас.

3. Барањето за побарување поранешните сопственици и нивните правни наследници треба да го поднесат на образецот што го утврди Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

4. Барањето за побарување поранешните сопственици и нивните правни наследници истовремено го доставуваат до АД „АТОМ" - Кочани, Ул. „29-ти Ноември" бр. 34 и до Агенцијата.

---

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на РМ" бр. 38/93), Управниот одбор на фабриката за метални конструкции „ИСКРА" - инженеринг Акционерско друштво во мешовита сопственост со целосна одговорност од Куманово, распишува

## ОГЛАС
## ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ДА ГИ НАЈАВАТ СВОИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ФМК „ИСКРА" - ИНЖЕНЕРИНГ - А.Д. КУМАНОВО

1. Се повикуваат сите поранешни сопственици и нивните правни наследници. кои се државјани на Република Македонија, во рок од 60 дена по објавувањето на огласот да ги најават своите побарувања од фабриката.

2. Своите побарувања барателите да ги доставуваат во посебен образец пропишан од Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на РМ" бр. 3/94).

Барањата се поднесуваат во два примерока од кои по еден примерок да се достават до Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатија со општествен капитал и до ФМК „ИСКРА" - инженеринг А.Д. Куманово, ул. „11 Октомври" бб, Куманово.

---

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на РМ" бр. 38/93), Т.П. „Политекс" - Штип објавува

## ОГЛАС
## СО КОЈ СЕ УПАТУВА ЈАВЕН ПОВИК НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ДА ПОДНЕСАТ ПРИЈАВИ ЗА ЗАШТИТА НА СВОИТЕ ПРАВА

1. Т.П. „Политекс" - Штип ги повикува поранешните сопственици и нивните правни наследници, државјани на РМ доколку имаат да пријават свои побарувања кон претпријатието.

2. Седиштето на Т.П. „Политекс" - Штип е во Штип на улица „Брегалничка" - бб.

3. Своите побарувања барателите треба да ги достават истовремено до претпријатието и агенцијата на РМ за трансформација на претпријатието со општествен капитал на посебен образец (Службен весник на РМ бр. 3/94) во рок од 60 дена сметано од денот на објавувањето на Огласот.

Т.П. „Политекс" - Штип

---

## ОГЛАС
## ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА КОН ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Претпријатието во општествена сопственост за производство и монтажа „Димче Бањарот" Прилеп, ул. „Крушевско џаде" бб, објавува дека ја започна постапката за трансформација на општествениот капитал.

Се повикуваат поранешните сопственици и нивните правни наследници, државјани на РМ, да ги пријават своите евентуални побарувања од ова претпријатие во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот.

Барателите да ги достават побарувањата истовремено до претпријатието и Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на посебен образец пропишан од Агенцијата.

ПМП „Димче Бањарот" Прилеп

---

Врз основа на чл. 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Сл. весник на РМ" бр. 38/93) АД „Сигурност"-Скопје објавува

## ОГЛАС
## ЗА ПОВИКВУАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ

1. Се повикуваат поранешните сопственици и нивните правни наследници кои се државјани на Република Македонија, во рок од 60 дена од денот на објавувањето на овој оглас да ги најават побарувањата од претпријатието АД „Сиругност"-Скопје.

2. Побарувањата се пријавуваат истовремено до АД „Сигурност"-Скопје ул. „Прохор Пчински"-бб и до Агенцијата за трансформација на претпријатијата со оптшествен капитал.

3. Побарувањата се доставуваат на посебен образец, објавен во („Сл. Весник на РМ" бр. 3/94),

АД „Сигурност"-Скопје

---

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал „Авторемонт" А.Д. - Кавадарци, објавува

## ОГЛАС
## ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ДА ГИ ПРИЈАВАТ СВОИТЕ ПОБАРУВАЊА ОД „АВТОРЕМОНТ" А.Д. - КАВАДАРЦИ

1. „Авторемонт" А.Д. - Кавадарци отпочна со постапката за трансформација на општествениот капитал во согласно со одредбите на Законот за трансформација на претпријатието со општествен капитал.

2. Се повикуваат поранешните сопственици, односно нивните правни наследници, кои се државјани на Р.М. доколку имаат да ги пријават своите побарувања кон Акционерското друштво.

3. Седиштето на „Авторемонт" - Д-Кавадарци е на ул. „Шишка" бб, Кавадарци.

4. Своите побарувања барателите да ги достават истовремено до „Авторемонт" А.Д-Кавадарци и до Агенцијата на РМ. за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на посебен обрзец (Сл. весник на РМ 3/94) во рок од 60 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

„Авторемонт" АД Кавадарци

---

# ОБЈАВИ

Врз основа на член 7 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ПОС „ПРЕРАБОТКА НА ДРВО" - Македонски Брод

## ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на седницата одржана на 8.03.1995 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. Маршал Тито бр. 1 во време од 7 до до 14 часот.

(486)

---

Врз основа на член 7 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал „Металопромет" - Прилеп.

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на седницата одржана на 8.03.1995 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „Александар Македонски" 6б во време од 12 до 14 часот.

(487)

---

Врз основа на член 7 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал „ПРВИ МАЈ" - печатарско претпријатие - Скопје

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на седницата одржана на 8.03.1995 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. Чедомир Кантарџиев-28 во време од 8 до 15 часот.

(488)

---

Врз основа на член 7 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ТПОС „ТРГОКОМЕРЦ" - Берово

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на седницата одржана на 14-4-1995 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „Маршал Тито" бр. 2 во времето од 10 до 15 часот.

## СОДРЖИНА

Страна


288. Закон за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија . . . . 289
289. Закон за изменување на Законот за акцизите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 293
290. Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување . . . . . . . . . . . . . . . . . . 291
291 Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита . . . . . . . . . 295
292. Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи . . . . . . . . . 296
293. Закон за изменување на Законот за насоченото образование . . . . . . . . . . . . . 296
294. Закон за изменување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 297
295. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување бројот на судиите во Врховниот суд на Македонија, окружните судови, Стопанскиот суд на Македонија и окружните стопански судови . . . . . . . . 297
296. Одлука за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев" . . . . . . . . . . . . . . 298
297. Одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, за разрешување од должноста индивидуален работоводен орган на Институтот . . . . . . . . 298
298. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија . . . . . . . . . . . . . . . . 298
299. Одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија . . . . . . . . . . . . . . . . . 298
300. Одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија . . . . . . . . . . . . . . . . . 299
301. Одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција . . . . . . . . . . . . . . . . . 299
302. Одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија . . . . . . . . . . . . . . . . . 299
303. Одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција . . . . . . . . . . . . . . . . . 300
304. Одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија . . . . . . . . . . . . . . . . . 300
305. Одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација . . . . . . . . . . . . . . . . 300


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефони 228-204, 117-460 Телефакс 112-267. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" - Скопје**